# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

# Индустриска безбедност

„Процедури за издавање безбедносен сертификат за правни лица“

Советник за издавање на безбедносни сертификати за физички лица
**Менсур Бакија**

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

**БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ БЕЗБЕДНОСЕН СЕРТИФИКАТ**:

- при јавни набавки;
- учество на тендер во кој се бара безбедносен сертификат.

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

## ВО БАРАЊЕТО ПРАВНОТО ЛИЦЕ:

- треба да ги изнесе причините поради кои се бара безбедносниот сертификат;
- ги наведува основните црти на содржината на договорот;
- го изнесува планот на предвидените безбедносни мерки што ќе се преземат во врска со заштитата на класифицираните информации и материјали и степенот на нивната класификација;
- го наведува рокот во кој се очекува да биде реализиран договорот;
- го наведува и учеството на евентуални странски учесници во неговата реализација;

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

**УСЛОВ ЗА ДОБИВАЊЕ БЕЗБЕДНОСЕН СЕРТИФИКАТ**

- да ги исполни минималните безбедносни стандарди за физичка, за административна и за информатичка безбедност на информациите, како и безбедносни сертификати за лица;
- да е финансиски и економски стабилно и
- да не постои безбедносен ризик за користење класифицирани информации.

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

## Мерки и активности за административна безбедност се:

- утврдување на степенот и обележување на класифицираната информација;
- прием и евиденција на класифицираната информација;
- чување и ракување со класифицираната информација;
- репродукција, преводи и извадоци на класифицираната информација и одредување на бројот на примероците и на корисниците;
- контрола и ракување со класифицираната информација во процесот на распоредување и распространување;
- спречување неовластено изнесување, односно објавување на класифицираната информација и нарушување на безбедноста на класифицираната информација;
- спречување на откривање на тајноста на класифицираната информација и
- отстранување и уништување на класифицираната информација.

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

**Мерки и активности за физичка безбедност се:**

- процена за можно нарушување на безбедноста на класифицираната информација со насилен упад или неовластен пристап, употреба и уништување на класифицираната информација;
- определување безбедносен појас околу објектот;
- определување безбедносни и административни зони;
- организирање физичко обезбедување и примена на технички и на други средства за обезбедување на објекти и простории во кои се наоѓаат класифицирани информации;
- издавање дозвола за пристап во објекти и простории;
- контрола на влез, движење и излез на лица и возила за пренос на класифицирани информации и пренос на класифицирани информации надвор од безбедносните зони.

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

## Мерки и активности за информатичка безбедност се:

- сертификација на комуникациско-информациски системи и процеси;
- процена за можно нарушување на безбедноста на класифицираната информација со упад во информатичкиот систем и употреба и уништување на класифицирана информација обработувана и чувана во комуникациско-информациски системи;
- утврдување методи и безбедносни процедури за прием, обработка, пренос, чување и архивирање на класифицирани информации во електронска форма;
- заштита на информациите при процесирање и чување класифицирани информации во комуникациско-информациски системи;
- криптографска заштита на комуникациски, информациски и други електронски системи преку коишто се подготвуваат, се пренесуваат, се обработуваат и се архивираат класифицирани информации;
- определување зони и простории заштитени од компромитирачко електромагнетско зрачење и инсталирање уреди за чување класифицирани информации.

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

## Мерки и активности за безбедност на лица:

- определување овластени лица за работа и постапување со класифицирани информации;
- одговорно постапување со класифицирани информации и
- проверка и оценување на способноста за постапување со класифицирани информации.

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ

- пријава за упис во регистарот;
- решение за извршен упис во регистарот;
- прилог во кој е содржан називот и седиштето на основачот и вкупниот износ на средствата на основачот и на секој вложувач;
- овластување на субјектот на уписот во правниот промет;
- имиња на лица овластени за застапување и граници на нивните овластувања, а за странските лица и документите предвидени во законот за трговски друштва;
- извештај и мислење за бонитетот од Централниот регистар на Република Македонија;
- потврда од судот дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
- потврда од судот дека со пресуда не му е изречена мерка – забрана за вршење на дејност;
- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки.

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

## УТВРДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСЕН РИЗИК:

- ако одделни активности на правното лице и на неговите овластени лица се спротивни на интересите на Република Македонија;

- ако има врска со странски правни или физички лица кои можат да и наштетат на надворешната политика и безбедност на Република Македонија.

# ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

**Исполнување критериуми со цел издадениот сертификат да остане важечки:**

- да не ги намали стандардите за физичка безбедност во воспоставената безбедносна зона или административната зона и тие да се применуваат согласно релевантната законска регулатива и поединечните безбедносни правила од таа област;
- лицата што имаат пристап до КИ да имаат важечки сертификат издаден од страна на Дирекцијата;
- во потполност да ја почитува законската регулатива којашто го регулира ракувањето со КИ;
- преку внатрешна регулатива да гарантира дека пристап до КИ коишто ги поседува ќе дава само на лица што имаат овластување за таков пристап;
- да се обврзе дека во извршувањето класифициран договор ќе вклучи само под-контрактори коишто имаат безбедносен сертификат со соодветен степен на степенот на класификацијата на класифицираниот договор;
- ќе осигура и ќе овозможи за време на важноста на безбедносниот сертификат, Дирекцијата да ги извршува своите задачи утврдени со закон;
- ќе известува за промените во безбедносниот статус наведен при барањето за издавање на безбедносниот сертификат или ако се започнати процедури за банкрот, ликвидација;